Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-261/6
Датум: 03-07-2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-838/1 од 1.12.2025 година, поднесена од ---- во името на неговиот малолетен син ----, против ----, за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност, во областа на образование, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност, во областа на образование кон ----, од страна на ----.

### О б р а з л о ж е н и е

На 1.12.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на ---- во името на неговиот малолетен син ----, против ----, поради наводна индиректна и директна дискриминација врз основа на етничка припадност, во областа на образование. Претставката се однесува на конкурс за доделување на стипендии во четири категории за ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година во јавните и приватните средни училишта во Република Македонија за учебната 2025/26 година. Според наводите од претставката, барањето за ученичка стипендија на ученикот ---- било одбиено со образложение дека „не ги исполнува условите предвидени во Конкурсот бидејќи нема прикачено потврда од ромска НВО“. Подносителот наведува дека ваквиот услов е непропорционален и претставува индиректна дискриминација, бидејќи ја условува ромската етничка припадност со активизам, волонтирање или членување во невладини организации, иако таквите активности не се неопходен елемент на етничкиот идентитет.

Во претставката се наведува дека условот особено ги става во понеповолна положба учениците Роми кои не се активни во невладини организации, кои не сакаат да се занимаваат со активизам или волонтирање, како и учениците кои живеат во средини во кои нема ромски невладини организации или немаат реална можност да обезбедат таков документ. Подносителот смета дека ромската етничка припадност треба да се почитува како лично определување, а не како статус што се докажува преку учество во граѓански организации. Имајќи предвид дека невладините организации не се државни органи, подносителот смета дека префрлањето на државната надлежност на приватни субјекти е правно недозволиво.

Согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата достави барање за произнесување по претставката до ----. Со барањето ----



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

беше задолжено да се изјасни по наводите од претставката и да достави релевантни информации и докази во врска со оспорениот услов од конкурсот. И покрај уредно доставеното известување и проток на законски предвидениот рок, ---- до денот на одлучувањето, не достави произнесување до Комисијата.

Дополнително, Комисијата достави барање за информации до ----, со кое побара ---- да ја образложи причината, односно **оправданоста** на оспорениот критериум од конкурсот со кој се бара потврда од невладина организација за активност или волонтирање поврзано со ромска заедница. До денот на одлучувањето, ---- не достави одговор ниту на ова барање.

Комисијата, заради целосно утврдување на фактичката состојба, достави барање за информации до средното училиште „----, во кое е запишан ученикот ----, со цел да се утврди со која етничка припадност ученикот е запишан во училиштето. Од доставениот одговор на училиштето, произлегува дека ученикот во учебната 2025/26 година е запишан со етничка припадност **Ром**.

Дополнително, Комисијата достави барање за информации и до основното училиште во кое ученикот претходно го завршил основното образование, ----, со истото прашање – со која етничка припадност ученикот бил запишан во училиштето. Од доставениот одговор на основното училиште произлегува дека ученикот бил запишан со етничка припадност **Македонец**.

Комисијата ги разгледа наводите од претставката, доставената документација поврзана со конкурсот за доделување стипендии, решението на ---- со кое е одбиено барањето за стипендија, податоците од електронската апликација, изјавите од родителите во кои тие се изјаснуваат како Роми и наведуваат дека нивното дете има ромска етничка припадност и доставените одговори од средното и основното училиште.

Комисијата ја имаше предвид релевантната домашна правна рамка. Според **член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, забранета е секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или **етничка припадност**, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Според **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Индиректната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, според кој истата постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно соодветни и неопходни.

Комисијата го имаше предвид и европскиот стандард за самоопределување на припадниците на националните малцинства. Согласно **член 3 од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства**, секое лице кое припаѓа на национално малцинство има право слободно да избере дали ќе биде третирано како такво, при што од тој избор или од остварувањето на правата поврзани со тој избор не смее да произлезе штета. Овој стандард подразбира дека етничката припадност првенствено е прашање на личен идентитет и самоопределување. Сепак, правото на самоопределување во конкретниот случај треба да се разгледува заедно со природата на мерката за која се аплицира. Станува збор за стипендија наменета за ученици од ромската етничка заедница, односно посебна, афирмативна мерка чија цел е поддршка на ученици кои припаѓаат на конкретна етничка заедница. Во таков контекст, Комисијата оцени дека **претходно евидентираните податоци за етничката припадност на ученикот** претставуваат **релевантна околност** при оценката дали одбивањето на барањето за стипендија довело до понеповолна положба врз основа на етничка припадност. Од доставените одговори од училиштата произлегува дека ученикот во основното образование бил евидентиран **со етничка припадност Македонец**, додека во средното образование, во учебната година во која аплицирал за стипендија наменета за ученици Роми, бил евидентиран **со етничка припадност Ром**. Комисијата не го доведува во прашање правото на лицето слободно да се самоопредели, ниту го третира претходното изјаснување како непроменливо. Меѓутоа, промената на евидентираната етничка припадност **непосредно пред аплицирањето за стипендија наменета за ученици Роми** претставува релевантна фактичка околност за оценка на конкретниот, индивидуален случај.

Имајќи предвид дека ученикот во претходниот образовен циклус бил евидентиран како Македонец, а потоа како Ром во периодот непосредно поврзан со аплицирањето за стипендијата, Комисијата оцени дека од доставените докази не може да се утврди дека одбивањето на барањето за ученичка стипендија претставува понеповолен третман врз основа на ромска етничка припадност. Во конкретниот индивидуален случај, оваа околност не дава доволна основа да се заклучи дека ученикот бил ставен во понеповолна положба како припадник на ромската етничка заедница.

Во однос на оспорениот критериум од конкурсот, со кој се бара доставување потврда од невладина организација за активност или волонтирање поврзано со ромската заедница, Комисијата оцени дека ова прашање ја надминува оценката на конкретниот индивидуален случај и се однесува на општата поставеност на конкурсните услови. Поради тоа, Комисијата евентуалната оправданост и можниот дискриминаторски

ефект на овој критериум би ги разгледувала во посебна постапка, надвор од индивидуалниот случај на подносителот.

Земајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не утврди дискриминација врз основа на етничка припадност, во областа на образованието, односно пристапот до стипендии кои ги доделува ----, во конкретниот случај на ученикот ----.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ----
- ----